# А.Д. РАДЕ КОНЧАР – АПАРАТНА ТЕХНИКА
Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема
Скопје – Македонија


**Т.13**

**СОБРАНИЕ НА АД**

Врз основа на чл. 504 став1, а во врска со чл.496 од ЗТД , Собранието на Акционерското друштво Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје, на седницата одржана на ден 22.05.2017 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
## За прекинување на изготвување на консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи на АД Раде Кончар-Апаратна теника-Скопје

**1.**Се прекинува обврската на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје, за изготвување на консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи за наредните деловни години, поради непостоење на ваква обврска согласно чл.504 став 1 од ЗТД, а во врска со чл.496 од ЗТД.

**2.**Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е:**

Во досегашната пракса на своето делување, АД Раде Кончар-Апаратна техника изготвуваше консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи со Друштвата со ограничена одговорност во рамките на Раде Кончар, а во кои Акционерското друштво имаше свои удели. Првично реагираше ДОО Раде Кончар-Сервис и поправки на електрични производи-Скопје заедно со својот придружен ентитет-ДООЕЛ Раде Кончар-ТЕП, каде што Акционерското друштво има удел од 33%, дека согласно одредбите од ЗТД, Акционерското друштво во овие друштва нема преовладувачко влијание , па од тие причини овие друштва самоиницијативно се исклучија од консолидацијата, со што во рамките на консолидацијата останаа само ДОО Раде Кончар-Контактори и релеи и ДОО Раде Кончар-Заеднички дејности, во кои Акционерското друштво има удел од 40%.
Ценејќи дека согласно чл.496 од ЗТД , преовладувачкото влијание на едно друштво во друго меѓу другото определува: Обезбедување мнозинство на гласови на собирот на содружници; Располагање со мнозинство на гласови и поседување на број на гласови кој е поголем од 40% од вкупниот број на гласови во собирот на содружници, друштвата : ДОО Раде Кончар-Контактори и рели и ДОО Раде Кончар-Заеднички дејности на ден 31.03.2017 година доставија Барање до АД Раде Кончар-Апаратна техника Скопје, за прекинување на

консолидацијата на овие две друштва со АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје, поради непостоење на преовладувачко влијание на Акционерското друштво во овие друштва согласно одредбите на чл. 496 од ЗТД, при што не постои обврска за консолидација согласно чл.504 став 1 од ЗТД.
Меѓутоа, во своето Барање овие друштва се обврзаа редовно секоја година да ги доставуваат податоците од работењето на друштвата за тековната деловна година, а се во интерес на тоа да акционерите имаат потребни податоци за нивното работење и проблемите со кои се соочуваат а кои податоци се даваат како информација во Годишниот извештај на Одборот на директори на АД.

Врз основа на наведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**СОБРАНИЕ НА АД**
**Претседавач**